М-р Милева ЃУРОВСКА

# КУЛТУРАТА И ТРУДОТ

Од времето кога човечкиот ум се појави во многу свои апстракции меѓу кои спаѓаат и науките и нивната хоризонтална диференцијација, поделени меѓу себе и некогаш конфронтирни, настанува и поделба на човековиот живот на фрагменти кои поседуваат своја релативна автономија. Целината на човековото живеење наликува на еден мозаик, каде секој дел треба да биде комплементарен со другиот за да може да се добие фигура со одреден облик. Ако целокупното човеково живеење, односно опфаќањето на мозаикот во целина, или како што уште Ив Шварц[1] го нарекува целокупното човеково искуство, се нарекува култура тогаш се поставува прашањето за односот на науките кон ова искуство. Расправајќи по однос на оваа проблематика во своето обемно дело *„Искуство на трудот“* Ив Шварц истакнува: „Науката носи една силна идеја, според своите внатрешни нормативи, да ја извлече максималната форма на сознанија вклучени во најразновидните социјални дејствија. Со тенденција да го изрази она кое е елаборирано преку колективната совест и интериоризирајќи ги нејзините норми на објективност, таа се присилува културната разноликост да ја појасни во длабочина. Обратно, исто така една многу силна идеја на културата (односно самата култура), земајќи ги сериозно сите форми на социјалната интелигенција, може да наметне барања во научната работа.“[2]

Во една анализа на трудот мал е просторот кој може да се посвети на епистемолошките проблеми кои денес побудуваат голем интерес. Но сепак, може да се издвои еден став од неодамна присутен во науките, а тоа е затвореноста на науките во своите предмети. Оваа затвореност механички е пренесена од времето кога тие настанале и се израз на тоа време. Новоформираните науки, како што е случајот со екологијата, бараат поинаков, интегрален пристап. Така, примерот на медицината може да укаже на тоа колку фрагментарноста на човековото живеење

1 I. Schwartz “Experience et Connaissance du travail”, Messidor, Paris 1988, стр.42
2 Ibidem стр. 42

во сите негови облици негативно се одразува врз човечкиот организам. Имено, медицината својот најефективен развој го направи со откривањето на микроорганизмите и пеницилинот кога одигра незаменлива улога во натамошните текови не само на медицината туку и во општествените движења. Но, веќе еден подолг период таа е немоќна во поглед на лекувањето на некои од болестите кои го потресуваат светот. Така префрлувањата се однесуваат не за самата медицина и нејзините лимити туку: „доктрина во служба на животот, а нејзе самиот живот не ја интересира“.[3]

Посебно внимание поттикнува случајот со антропологијата како наука за човековата култура. Откривајќи ги примитивните социјални структури таа навистина со своите обемни сознанија направи многу за реконструкција на човековата историја. Опфаќајќи ги целосно овие мали, навидум едноставни, општества каде постои органска слеаност на сите општествени процеси, таа остана немоќна пред модерните општества. На тој начин се изврши оддалечување на културата од модерните општества. Сложената и динамичка структура на модерните општества, каде доминираат одредени структурни делови кои исто така делуваат како посебни структури, ја потиснаа сликата на целината и на културата сфатена во смисла на едно целосно социјално искуство како што претходно беше одредена. Ваквата состојба е резултат на самата природа на овие општества и ним својствените процеси кои се одвиваа во изминативе периоди на брз технички прогрес и импликациите по тој повод во сите сфери на човековото живеење. Руптурата која настана во сферата на социјалното јасно е воочена од аналитичарите: „Еден невидлив колец го прободе општеството и го подели на повеќе сфери“ истакна А. Тофлер.[4] За секоја од овие области на кои беше поделено општеството, општествената свест појави посебен интерес, со што се развија специјалистички научни системи кои одеа кон длабочинско продирање на законитостите кои постоеја во овие „засебни“ системи. Така на пример, сферата на трудот за која може да се каже дека доминира во индустрискиот систем кој пак ја чини основната содржина на модерните општества, е проучувана од

3 P. Roll "Le travail et salariat", Press universitaires de Grenoble 1988

4 A. Tofler, "Treći talas", str. 40, IZ "Jugoslavija" 1983

повеќе научни дисциплини. Иста е ситуацијата со другите природни и општествени науки, секоја од нив приграбува од оние синтетички разделени делови кои стануваат нивни предмети. Така на антропологијата ѝ останува да го прифати она подрачје или подрачја а притоа да не го загрозува атарот на другите. Со тоа културата стана интегрална содржина на науката која се бави со проучувањето на оние општества кои се наоѓаат на едно ниско, според некои, доцивилизациско стапало во својот развој.

Но, денес не само општествените туку и другите науки покажуваат засилен интерес за културата. На што се должи тоа? Како да се продре до промените или потребите што го предизвикуваат овој интерес? На еден општ одговор овде не се претендира. Меѓутоа, обидот да се одговори како културата се повеќе се наметнува во проучувањето на трудот, односно работните ситуации можеби ќе поттикне многу други прашања и дилеми.

Анализата би ја почнале со самиот труд и тоа со оние негови карактеристики, содржини, димензии што ги добива со индустријализмот. Имено, индустријализмот го одвојува трудот од целокупниот социјален контекст и него го повлекува и организира во една посебна област чиј симбол е фабриката. Во доиндустриските општества трудот бил испреплетен со другите социјални форми и директно потекнувал од целокупната организација од која не бил издвоен. Меѓутоа, индустријата оваа сфера ја направи автономна во однос на другите, ја одвои од местото на живеење. Така се формираа категориите работно време, работно место, чија категоризација и дефиниција ги дефинираше самите луѓе според нивните професии, занимања, квалификации и сл. Се формира една цела мрежа на социјални односи, хоризонтална и вертикална структура, чие влијание врз животот на поединците и групите станува големо, исто толку очевидно зашто трудот станува доминантен момент во целокупниот живот. Сферата на трудот според своето значење заседе посебно место во социјалните процеси. Негова регулатива станаа одредени рационални параметри имплицирани од самиот систем, како што се, пред сѐ, профитабилноста, максимизацијата, концентрацијата, специјализацијата итн. Сите други елементи на човековото живеење останаа да се реализираат вон оваа сфера. Но, за да не се излезе надвор од темата, студирањето на трудот и промените што тој ги направи формирајќи ги модерните цивилизации базирани на

рационални средства кои го заменуваат човекот во многу негови дејности, вклучувајќи ја и неговата интелигенција, би истакнале дека социологијата на трудот доста рано го согледува влијанието кое го има околината врз производството. Уште првите студии за трудот какви што беа „Движењето за меѓучовечките односи"[5] ги внесе личните проблеми на работниците како значајна варијабла во разрешувањето на проблемите на продуктивноста. Но повторно тоа беше дејство на една посебна сфера, сферата на приватното која исто така беше одделена од останатиот социјален контекст. Потоа, поврзувањето на економијата и политиката кое настана по големите економски кризи и т.н. Welfare state направи уште еден поголем јаз меѓу приватното и јавното, меѓу општественото и личното, а со тоа како да се направи јаз меѓу културата и општеството.

Првите проучувања на влијанието на културата во работните ситуации започнува со големите економски миграции во САД на почетокот на овој век, кога во едно претпријатие се нашле припадниците на различни култури, имено проучувано е како полските мигранти се интегрираат во новата средина.[6] Културната раздвиженост која не се изразува само преку просторните миграции туку и комуникации од различен вид, е битен момент кој го предизвикува интересот за проучување на влијанието на културата врз одредени социјални процеси. Се чини дека позасилен интерес во проучувањето на културниот фактор и неговото влијание во економската област наметнува јапонскиот случај, т.е. брзиот економски просперитет на Јапонија кој за кратко време ја доближи до најразвиените земји во светот. Западните земји во потрага по подлогата на успехот, кој оваа географски и културно оддалечена земја го оствари на големо изненадување за нив зашто се наруши географската рамнотежа на економската моќ, како битен фактор ја исфрлија самата култура. Имено, бројните анализи, компарации, конвергенции и дивергенции со другите општества како констатација лансираа дека Јапонија успехот го должи на наследениот од својата традиција посебен однос кон трудот кој успешно се инкорпорира во новиот економски поредок. Како резултат на тоа се создава една многу ефикасна орга-

5 Miler Form "Industriska Sociologija" Panorama, Zagreb 1967

6 Zbornik, Filozofski Fakultet, Beograd 1993

низација на трудот која максимално го мотивира човечкиот фактор т.е. постигнува висок степен на идентификација на поединецот со организацијата кој се смета дека е еден од најзначајните мотиви во функционирањето на современите организации. Но исто така, за неразвиеноста и економскиот неуспех на многу земји, причините повторно се бараат во менталитетот, традиционализмот како културна одлика итн. Науката од својот почеток се соочува со фактот дека проблемите во економската сфера немаат секогаш рационално објаснување.

Како заклучок на овој воведен дел во излагањето за културата и трудот би истакнале дека промените кои се остваруваат по шеесеттите не само во сферата на трудот, имплицирани од новите технологии и новиот курс на капитализмот, туку и во сите други области како, на пример, во политиката каде се забележува една интензивна дифузија на политичките ставови и идеологии, го наметнува проблемот на културата како нераздвоен дел од човековото делување како граѓанин на едно општество, како работник итн.

## 2. Културата и организацијата на трудот

Трудот како предмет на анализа претставува едно мошне широко подрачје. Од анализите правени за трудот и културата како позначајни би ги истакнале оние кои се однесуваат на културата и организацијата на трудот, како и оној дел на однесувањето на луѓето кој според облиците и мотивите на делување може да се нарече работен морал.

Во рамките на пристапот кон организацијата на трудот и културата во литературата се истакнати два пристапа. Едниот е **менаџерскиот пристап**, а другиот е **социо-антрополошкиот**.

Менаџерската тенденција произлегува од структурофункционалистичката перспектива. Овде се одделуваат две подгрупи според начинот на кој културата се поврзува со организацијата.

**Првата** ја чинат т.н. инженери на трудот за кои културата претставува интерна варијабла на организациите, а како таква претставува и клуч за успехот. Како продукт на оваа тенденција произлегува терминот „успешна култура“. Оваа тенденција денес бележи голем успех во деловниот свет. Но, нејзин главен

недостаток е механичкиот начин на поврзување на културата со другите варијабли при што се запоставува реалноста и, се разбира, конфликтите. Во неа некои гледаат нов идеолошки дискурс, една култура на хипокризијата или инструмент за доминација.

За **втората** група на гледишта во рамките на менаџерската тенденција, во однос на улогата на културата во сферата на економската организација не постои успешна и неуспешна култура, туку култура која била поотворена и со тоа поадаптибилна за организацијата која се јавува како универзална варијабла. Таа акцентот го става на водството и неговата улога со која ќе се влијае врз развојот на културата. Дали со еден ваков елитистички пристап ќе можат да се разрешат проблемите кои настануваат на релацијата организација и култура каде водството би ја имало таа мисија, е посебно прашање? Од друга страна, пак, културата е резултанта на комплексна игра на интеракции и репрезентации на повеќе актери, таа не е продукт на еден единствен актер туку е една комплексна ситуација.

Социо-антрополошката тенденција во градењето на својот пристап кон културата акцентот го става на разбирањето, на сфаќањето на културните феномени во организациите, како што се ритуалите, стереотипите, верувањата, репрезентациите и сл., а помалку на самата акција како што беше случајот со претходниот пристап. И покрај популарноста на оваа тенденција може да се каже дека таа не е доволно застапена. Таа е како опозиција на доминантниот дискурс во организациите т.е. рационално-економскиот модел на организациите.

Така, во поглед на организацијата и начинот на однесувањето на луѓето во истите, забележани се две ситуации. Едната е универзална и се однесува на технологијата и начинот на нејзината примена. Всушност, организациите базирани на одреден вид на техника бараат и соодветно рационално однесување. Но, социјалната матрица на организацијата која ја чинат многу односи на релацијата човек - техника и човек - човек, ја одредуваат многу други влијанија. Така на пример, во едно компаративно истражување, културната матрица во организациите во Бразил и Франција[7], каде во еднаква мерка бил ангажиран капиталот на една јапонска фирма, се констатирани значајни отстапувања во

7 Sociologie du travail, 2/1989, P. H. Hirata, IRESKO Paris

поглед на продуктивноста на трудот, односно кон средствата за работа, работното време и сл. Авторот го истакнува влијанието на културата како битен момент кој влијае на овие организациски разлики.

Контекстот во кој трудот ќе остварува го одредува односот меѓу технологијата, организацијата на трудот, невработеноста и сл., или она што во познатата книга на Ирибарн[8] се нарекува „правила на игра за заеднички живот". Од факторите кои ја одредуваат сферата на трудот во последно време покрај економскиот развој на земјата, образованието, пазарот на труд, политичкиот систем, еднакво значење добива и културата како начин на легитимизација на хиерархијата, авторитетот, значењето на средствата и друго.

Како организациски варијабли преку кои може да се следи влијанието на културата врз организацијата на производството можат да се земат самата техника, хиерархијата, политичката организација која видливо се наметна со социјализмот и она кое може да се нарече работна чест или морал.

Познато е дека од периодот на индустриските револуции до денес, техниката се создава во еден центар од кој понатаму се дисперзира. Со самиот свој налет новата техника има интенции да го менува не само начинот на работа туку и начинот на живот. Познати се низ историјата облиците на отпор кон техниката. Каков ќе биде продорот на некоја технологија во одредена култура ќе зависи од другите параметри, односно хиерархијата, политичкиот систем и односот кон работата.

Хиерархијата во една организација на некаков начин е продукт на социјалната хиерархија, т.е. како на авторитетот се гледа во одредени средини, како него го доживуваат потчинетите. Така на пример, проучувањата покажуваат дека тој битно се разликува од една до друга култура. Така, наспроти Французите, кои се помалку авторитарни во однос на претпоставените, Холанѓаните круто се повинуваат на формалниот авторитет. Французинот, исто така, во одредени ситуации ја зголемува својата надлежност и одговорност. Ако на пример, во фабриката има дефект од енергетска природа, и тоа во третата смена, Французинот сам, без да ги бара одговорните лица, ќе бара начин да го от-

8 Ph. Iribarne, "La logique de l honeur", Paris 1986

страни дефектот. Во Холандија во слична ситуација, производството се запира и се бараат компетентните за тоа. Како заклучок: Дали Французите повеќе сакаат да работат?

Контролата е економска варијабла која е неопходна во секоја организација и директно произлегува од самата природа на организацијата, потоа од техничко–технолошкиот процес како и од хиерархијата. Контролата, исто така, може да се посматра и како културна варијабла. Во една високо формализирана работна средина со јасно дефинирани задачи и техника која го регулира сето тоа, малку може да се зборува за влијанието на културата. Меѓутоа, типот на контролата може да биде индикатор за самата средина како и за односот кон трудот. Доколку во дадена култура проблемот на надгледување е значајно присутен, тогаш може да се констатира дека постои еден екстринзичен однос кон трудот поткрепен со надворешна стимулација. Не навлегувајќи подлабоко за односот на трудот во нашата средина, односно социјалниот и географскиот простор на бившото југословенско општество, би укажале на една констатација од повеќе спроведени истражувања. Така, социјалистичкиот работник во најголем број на случаи работи за плата иако проблемот на контролата никогаш не бил поставен ниту во практиката ниту во теоријата[9]. Место за дискусија ќе нема ако природата на ова општество се поврзе со определбата на значењето на самиот термин контрола, како влијание врз совеста во извршувањето на работните задачи, таа не се сфаќа како физичка контрола во самото работење, квалитет и слично.

Во однос на влијанието на националниот контекст врз трудот позната е студијата која ги компарира обата система, социјалистичкиот и капиталистичкиот.[10]

И покрај големите методолошко–концептуални тешкотии кои го следат секое едно компаративно проучување на различните култури, сепак, во поглед на трудот можно е споредувањето преку организациските варијабли. Имено, за социјалистичките земји се забележува доцнење во технолошки поглед, ниска продуктивност и недостиг на работна сила. Ова се должи на социјалниот контекст каде економскиот систем е подреден на одре–

9 "Psihologija i sociologija organizacije", Školska knjiga, Zagreb, 1982
10 Sociologie du travail, P. Dubois, 2/1989

дени идеолошки програми. Оваа идеологија извршува не мало влијание врз културата и културните вредности кои го опфаќаат подрачјето на трудот, образованието, семејството, забавата итн. Констатирано е дека овој систем е затворен, во технолошки поглед се избегнуваат иновации и промени кои на некаков начин ќе ја нарушат организацијата. Овде се работи за екстензивна употреба на ефектите или т.н. надефекти. Така трудот во социјалистичките земји добива една друга конотација од онаа која ја имаат западните општества.

### 3.Односот кон трудот

Надоврзувајќи се на горниот пасус, како непосредна карика која го поврзува трудот со културата е вредносниот однос кон трудот, односно вредностите кои според една определба која ја даде М. Вебер претставуваат „од културата одредени цели". Односот кон трудот не е лична особина туку е општествено и културно детерминиран. Така тој може да се одреди како индивидуален однос кон состојбите кои постојат во сферата на трудот.

Дека трудот за луѓето низ историјата претставувал напор, мака, зло, покажуваат и имињата кои означуваат труд во многу светски јазици. Така во германскиот јазик зборот arbea означува труд, но и да се биде без родители, travail во францускиот значи работа и зло истовремено итн. Овие наследени од минатото термини со кои се означува трудот, а знаејќи при тоа дека се работи всушност за аграрни цивилизации, даваат една претстава за трудот во која тој се покажува како мака и страдање, неизвесност и очај. Се работи за еден негативен став кон физичкиот труд, односно респект кон интелектуалниот труд. Сѐ до индустриската цивилизација овој однос суштински не се менува. Машината е таа која го заменува човековиот механички напор и создава поинаква претстава за трудот. На местото на директниот контакт меѓу човекот и материјата која се обработува, на преден план доаѓа една социјална димензија, организација со интенции да ги усклади во дејствувањето мноштвото луѓе кои различно чувствуваат, мислат, имаат различни желби, мотиви, предрасуди итн. Така, со посебна вредност во овој систем се истакнува работното место, односно неговата опачина, невработеноста.

Во изградувањето на вредносниот однос кон трудот на овие подрачја во изминативе педесетина години на глобален план големо е влијанието на наследената патријархална социјална структура. Се работи за коегзистенција на два различни социјални система. Македонија сé до шеесеттите години била претежно аграрна земја, а како економски единици ги има семејните задруги со една строга хиерархија и задачи раководени од еден цврст авторитет. Патријархалната структура долго време опстојувала, а и денес е изразито присутна кај еден дел од населението во Македонија, кое претежно се бави со земјоделие. Основно јадро во патријархалната социјална структура е авторитетот, како формален, исто толку и стварен. Сите членови на заедницата биле подредени на тој авторитет. Овде може да се постави прашањето дали за толку краток временски период, ако се знае дека раскинувањето со традиционалните врски во времето на индустриската револуција трае дури и со векови, може да се раскине со наследената патријархална структура?

Во релативно брзиот индустриски развој и невидените миграции село-град настана едно специфично сфаќање на трудот. Луѓето ги напуштаа селата и тешкиот начин на живот што го нудеше примитивното земјоделие и одеа во градовите во еден сосема нов начин на живот и работа. Дека овој нов облик на работа не бил разбран сведочи до скоро повторуваната меѓу народот изрека: „Учи за да не работиш„. Секако за ова придонесе и самиот систем кој во реалноста покажуваше сосема неправилен облик на хиерархиска пирамида со постоечки центри на моќ каде се донесуваа одлуките, а без никаква одговорност бидејќи системски одговорноста беше кај оние кои по форма одлучуваат.

Што се однесува до работната чест интересно е она кое уште Монтеские го напомена: таа е предрасуда на секоја личност, таа не се дефинира ниту според резонот ниту според законот, таа има свој сопствен каприц и не зависи од вољата на другиот, а само традицијата може да ја фиксира. Традицијата е таа која ги распространува и ги ограничува обврските, таа е пориготрозна од секој закон и од секоја идеолошка волја.[11]

11 Цитирано според наведеното дело на Ph. Iribarne

## Литература:


1. Ph. Iribarne, "La logique de l honneur", Paris, 1986
2. Miler, Form, "Industriska Sociologija", Panorama, Zagreb, 1967
3. P. Roll, "Le travail et la salariat", Press universitaires de Grenoble, 1988
4. "Psihologija i sociologija organizacije", Školska knjiga, Zagreb, 1982
5. I. Schwartz "Experience et connaissence du travail", Messidor, Paris, 1988
6. Sociologie du travail. Les articles dans les numeros 2/1989 de H. Hirata et P. Dubois
7. "Zbornik radova filozofskog fakulteta", Beograd, 1994
8. A. Toffler, "Treći talas", IZ Jugoslavija, 1983


***Mileva Gurovska***

### *Culture and Work*

*Summary*

*The specialization of the science has divided the reality into fragments. Thus, the scientific interest has distanced from the culture - defined as "integral human experience". So, the present problems in all spheres, are imposing the necessity of an integral approach. These are the directions of developing of the Sociology of work. Researching the nature of its problems, Sociology of work more and more is getting into the sphere of culture.*